ДО: ОПШТИНА НЕГОТИНО и
Градоначалникот г-дин Ванчо Апостолов
ул. Аџо Аџи Илов 2 Неготино
Република Македонија 1440

ОТВОРЕНО ПИСМО

Почитувани, замолени од граѓаните на општина Неготино кои се љубители на животни и се грижат за бездомните животни на територијата на општината ви се обраќаме во однос на престојната манифестација „Неготински панаѓур“ која се одржува од 21 до 23 септември на територијата на вашата општина.

Имено сме известени дека лани пред почетокот на манифестацијата од ваша страна било извршена хајка над бездомните животни и истите биле отстранети или убиени или дислоцирани од вашата општина, за што постојат граѓани кои ги виделе вработените од општината како во комбе ги товарат бездомните животни.

Станува збор за мал број на бездомни животни кои не се ни најмалку опасни и не преставуваат закана за никој, ве молиме годинава истите да не бидат отстранети бидејќи за истите постојат граѓани кои ги хранат и во иднина ке ги стерилизираат на сопствен трошок.

ДОКОЛКУ ЖИВОТНИТЕ ТРЕБА ДА СЕ ЗАЛОВУВААТ, ТОА ТРЕБА ДА СЕ ПРАКТИКУВА ПОРАДИ ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ БЕСНИЛО И СТЕРИЛИЗАЦИЈА, НО НЕ И ПОРАДИ НИВНО ТРАЈНО УКЛОНУВАЊЕ ОД ЖИВОТНИОТ ПРОСТОР. ПРОГРАМИТЕ НА ЗАЛОВУВАЊЕ И УБИВАЊЕ НА КУЧИЊАТА СЕ НЕЕФИКАСНИ (Светска Здравствена Организација, WHO, 1992 година)

- Затоа е неопходно истовремено да се спроведуваат две стратегии:

1) Намалување на бројката на бездомните животни по пат на стерилизација.
2) Спречување на слободно размножување на кучињата кои имаат сопственици.
3) За да се постигне траен успех, потребно е да бидат казнети сите кои ќе го напуштат и исфрлат на улица сопственото животно.

Се надеваме дека преку ова отворено писмо нашиот апел ке пристигне до вас.
За дополнителни информации, консултации и соработка сме секогаш отворени.

Ви посакуваме успешна манифестација.

Со почит
2016-09-07

ПИСМОТО МОЖЕ ДА СЕ ПРЕВЗЕМЕ ПРЕКУ СЛЕДНИОТ ЛИНК [LINK]